Република Македонија
Бр. 11-8622/12
.05.2012 година
Скопје

**Министерство за финансии**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Предлог -закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа

**Усогласеност со Програмата на Владата** ДА

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:** ДА

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
Материјалот да се разгледа на првата наредна седница.

**Доверливост на материјалот:** НЕ

**Итност на материјалот :** ДА

**Прилог :**

**Дата на доставување на материјалот:**
.05. 2012 година

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И
МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

Изработил : Едис Рамчиловиќ
Цана Зафировска
Контролирал : Зоран Глигоров
Одобрил: Сузана Стојмироска
Согласен:Наташа Стојмановска

*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

***М Е М О Р А Н Д У М***

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И**
**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
м-р Зоран Ставрески

Скопје, .05.2012 година

**1.Осврт по материјалот:**

Предложената измена и дополнување на Законот за Царинската управа е во насока на создавање на правна можност за прераспоредување на вработените во Царинската управа кој немаат статус на царински службеник на работни места со статус на царински службеник.

Во април 2011 година, со Спогодби за превземање на државните службеници, Царинската управа превзема 40 државни службеници и истите ги распореди на работни места со статус на државни службеници во организационата едниница за сметководство и финасии, организационата едница за административно технички работи и кабинет на директорот.

Секојдневното обавување на работните задачи укажува дека бројот на предвидените и превземените државни службеници во оделни организациони единици на Царинската управа е поголем од потребниот број за извршување на надлежностите пропишани за овие организациони единици. Со извршените организациони промени направени поради потребата од обезбедување на брз и непречен проток на патници и стоки има потреба од пополнување на слободни работни места со статус на царински службеник и тоа во царинските испостави: Аеродром Скопје, Блаце, Табановце и автопат и царинска испостава Скопје 4 и др. Потеребата за правилно искористување на човечките ресурси е евидентна, па затоа се покажува како реална потреба, вработените со статус на државни службеници да можат да бидат прераспоредени на други места со статус на царински службеници во зависност од реалните потреби на царинската служба, со што ќе се придонесе за правилно искористување на човечките ресурси и поефикасно извршување на надлежностите на Царинската управа.

**2. Разгледани можни решенија ( за-против аргументи)**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**

Предложенава измена на овој закон е подготвена по барање на Царинската управа.

**4. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**

Нема потреба национален пропис

**5. Решение кое се препорачува (со образложение)**

Се предлага Владата на Република Македонија да го усвои предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа.

**6. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

**7. Очекувани влијанија:**

Предложената измена и дополнувања на овој закон ќе придонесат за правилно искористување на човечките ресурси а со тоа и поефикасно извршување на царинските надлежности.

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

ДА

9. Клучни елементи за информирање на јавноста :

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

**Скопје, мај 2012 година**

ВОВЕД:

## I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Царинската управа ("Службен весник на РМ" бр.46/04),81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11) се уредени надлежностите, делокругот на работата на Царинската управа, како и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на царисните службеници од работен однос. Во Царинската управа согласно закон се вработени лица со статус на царински службеници, статус на државни службеници и работници (технички персонал) кој правата и обврските ги остваруват по Законот за работни односи.

Во април 2011 година, со Спогодби за преземање на државните службеници, Царинската управа презема 40 државни службеници и истите ги распореди на работни места со статус на државни службеници во организационата едниница за сметководство и финасии, организационата едница за административно технички работи и кабинет на директорот.

Секојдневното обавување на работните задачи укажува дека бројот на предвидените и преземените државни службеници во оделни организациони единици на Царинската управа е поголем од потребниот број за извршување на надлежностите во овие организациони единици. Додека пак со донесената систематизација на работните места која е донесена поради организациони промени направени поради потребата од обезбедување на брз и непречен проток на патници и стоки, има потреба од пополнување на слободни работни места со статус на царински службеник. Со предложеното изменување на член 63, се создава правна можност под конкретно определените услови вработените во Царинска управа кој немаат статус на царински службеник да можат да бидат прераспоредени на работни места со статус на царински службеник во зависност од реалните потреби на царинската служба, со што истите ќе бидат правилно искористени во насока за поефикасно остварување на надлежностите на Царинската управа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на овој закон ќе се овозможи подобра оперативност и мобилност на царинската служба, а воедно и вработените кои немаат статус на цармински службеници кои ќе бидат прераспоредени на работни места со статус на цармински службеник да бидат правилно искористени во насока на остварување на надлежностите на Царинската управа.

## III.ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Царинските службеници добиваат 30% од плата како надополнување на редовната плата, поради посебни работни услови, како и поради посебната одговорност која произлегува од работното место. Предложеното дополнување на член 63 ќе иницира зголемување на средствата наменети за плати од делот на буџетот, само за оние вработени кои ќе се прераспоредат односно ќе се стекнат со статус на царински службеник.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на овој закон, финансиски импликации ќе има само за оние вработени кои ќе бидат прераспоредени согласно реалните потреби на царинската служба.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11 ), Во член 63 по ставот (1 ), се додава нов став (2), кој гласи:
"(2) Вработениот во Царинската управа кој нема статус на царински службеник, може по потреба или на негово барање да биде распореден на соодветно работно место на царински службеник доколку ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места во Царинската управа и да биде подложен на пробна работа најдолго 12 месеци, но не пократко од шест месеци, во зависност од работното место, и во текот на пробната работа да го полага стручниот испит за стекнување статус на царински службеник согласно условите, роковите и начинот утврдени во член 53 и 53-а од Законот за Царинската управа".

Ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) стануваат (3), (4), (5), (6) и (7).

Член 2

Во член 64 во ставот (2), по зборот "што" зборот "ќе" се заменува со зборовите "може да", зборот "конкурс" се заменува со зборот "оглас" а зборот "конкурсот" се заменува со зборот "огласот".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

# I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБАТА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Законот за Царинската управа ("Службен весник на РМ" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11 ), се уредени прашањата за делокругот на работата на Царинската управа, како и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на цариските службеници од работен однос. Во Царинската управа согласно закон се вработени лица со, статус на царински службеници, статус на државни службеници и работници (технички персонал) кој правата и обврските ги остваруваат по Законот за работни односи.

Според член 50 од Законот за Царинска управа, на царинските службеници се применува овој закон, Законот за работни односи и општите и посебните прописи од областа на здравствено, пезиско и инвалидско осигурување и колективниот договор на Царинската управа, додека вработените во Царинската управа што вршат работи од областа на финасиско, општо административно и матриално работење и јавните набавки, во кој не се опфатени работите и задачите во врска со царинските постапки, а кој не се со стекнат статус на царински службеник се државни службеници.Вработените лица во Царинската управа кои вршат технички или помошни работи, во однос на правата, должностите и одговорностите од работен однос, се применува Законот за работни односи.

На двесте и единаесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 09.02.2011 година, донесени се заклучоци со кој се обврзува Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор да ги превземе сите активности кој се однесуват на подобрување на соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците кој не се мнозинство во Република Македонија и да ја реализира распределбата на државните службеници на органите на државната управа и другите државни органи. Во едно, се задолжуват органите на државната управа и другите државни органи да ги прифатат нововработените државни службеници и работно ангажираат како и во најкраток можен рок но не подоцна од 60 дена да им подготват спогодби за превземање на државните службеници.

Во април 2011 со Спогодби за превземање на државните службеници, Царинската управа превзема 40 државни службеници и истите ги распореди на работни места со статус на државни службеници во организационата едниница за сметководство и финасии, организационата едница за административно технички работи и кабинет на директорот.

Секојдневното работење укажува дека бројот на предвидените и превземени државни службеници во овие организациони едници е повеке од потребниот број за извршување на надлежностите на овие организациони единици. Потребата за правилно искористување на човечките ресурси е евидентна, па затоа се покажува како реална потреба оделни вработени со статус на државни службеници да бидат прераспоредени на други места со статус на царински службеник, каде што ке можат да дадат придонес за извршување на надлежностите на Царинската управа. Со оглед на фактот дека Царинската управа има потереба од пополнување на работни места кои се со статус на царински службеник, а кои се директно вклучени во остварување на основните надлежности на Царинската управа од една страна, а од друга страна во Царинската управа работат вработени кои се со статус на државни службеници кои целосно како човечки ресурси не се искористени во процесот на работа, предлагаме создавање на правна можност за распоредување на вработен кој нема статус на државен службеник на работно место со статус на царински службеник.

Во 2011 година во Царинската управа е отворен Отсекот за стоково царинење во

рамките царинската испостава Табановце-автопат, согласно препораките од Рамката на Стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија, како и согласно европските стандарди и најдобри пракси, а со цел да се обезбеди олеснување на протокот на лица и стоки преку државната граница кон Република Србија и во насока за подобрубање на стопанските цели со овозможување на стоково царинење на граничните премини со соседните земји.

Поради пуштање во упореба на новата терминална зграда на Аеродромот Александар Велики Скопје,пуштањето на новата градба на граничниот премин Блаце во 2011 година и реализација во 2012 година на Спогодбата за граничното регулирање на железничкиот сообраќај склучена од Влада на Република Македонија и Влада на Република Косово, се создава потреба од поголем број на царински службеници во овие организациони единици.

Сите овие промени во организационата поставеност, потреба од поголем број на царински службеници, наметнува потреба од правилно искористување на расположливите ресурси за остварување на основните надлежности на царинската управа а пред се тоа се: спроведување на царинска контрола, царинење стока, вршење на пресметка и наплата на извозни и увозни давачки, вршење на контрола на извозот, увозот и транзитот на стока од интерес на безбедноста, здравјето и животот на луѓето, заштита на културното наследство, заштита на авторските и другите сродни права и права од индустриска сопственост.

Со предложеното дополнување на членот 63, се овозможува вработен во Царинска управа по потреба на царинскиот орган или на негово барање, да биде распореден на работно место со статус на царински службеник, ако вработениот ги исполнува условите за работното место пропишани со актот за систематзација на работните места во Царинската управа .

Сметаме дека со предложеното дополнување на членот 63, ќе се овозможи подобра оперативност и мобилност на царинската служба, а воедно и вработените кои немаат статус на царински службеници кои ќе бидат прераспоредени на работни места со статус на царински службеник би биле правилно искористени во насока на остварување на надлежностите на Царинската управа. Со ова дополнување ќе се овозможи државниот службеник кој се стекнал со статус на царински службеник да биде подложен на пробна работа. Пробната работа овозможува вработениот самостојно да ги врши работите и задачите од работното место со обука и полагање на стручен испит на начин и под услови пропишани со Законот за Царинската управа.

Со предложената измена на член 64 се врши усогласување на овој член со членот 52 од овој закон. Со оваа измена се овозможува директорот кога има потреба царинскиот службеник постојано да биде распореден на друго повисоко слободно работно место во Царинската управа по пат на унапредување, да има право како при објавување на јавен оглас ѝ при објавување на интерен оглас да даде дозвола за необјавување. Воедно се врши и терминолошко усогласување со тоа што наместо зборот „конкурс“ треба да биде зборот „оглас“.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените измени во законот се предлага изменување на постојните решенија на Законот за Царинската управа, истите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата правна работа од областа на законот во делот кој се однесува на специфичностите во правата обврските и одговорностите на царинските службеници во

работните односи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на овој закон ќе се овозможи подобра оперативноста и мобилноста на царинската служба, а воедно и вработените кои немаат статус на цармнски службеници кои ќе бидат прераспоредени на работни места со статус на царински службеник да бидат правилно искористени во насока на остварување на надлежностите на Царинската управа.

**И З В О Д**
од одредбите од Законот за Царинската управа кои се изменуваат и дополнуваат
( "Службен Весник на Република Македонија " број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10 и 53/11 )

**Член 63**

(1) Во интерес на Царинската управа, царинскиот службеник може на определено или неопределено време да биде прераспореден на друго работно место кое одговара на неговото професионално искуство, знаење и квалификации.

(2) Прераспоредувањето на определено време може да биде до шест месеци, со можност за продолжување за уште еден период до шест месеци.

(3) Царинскиот службеник кој во текот на работниот однос е прераспореден има право на:

1) надоместок за превозни трошоци, во висина на трошоците за превоз со средства на јавниот сообраќај (патна карта) од дома до работа и обратно , доколку Царинската управа нема организирано превоз , а работното место е одалечено над 50 километри од местото на живеење. За остварување на ова право царинскиот службеник доставува потврда за висина на превозните трошоци од правно лице кое го организира превозот или

2) царинскиот службеник кој во текот на работниот однос е прераспореден на работно место одалечено над 100 километри од местото на живеење има право на надоместок за закупнина за стан во местото на работа.

(4) Висина на закупнината за стан во местото за работење се утврдува според следните критериуми:

1) износот на закупнината да не е поголем од 300 евра во денарска противвредност, на месечно ниво;

2) закупениот стан да не биде поголем од 60 м2 и

3) закупениот стан да биде во населено место во непосредна близина на седиштето на организационата единица во која прераспоредениот царински службеник ќе ја извршува работата.

(5) министерот за финансии, на предлог на директорот ја пропишува висината на закупнина и начинит на обезбедување на стан под закуп.

(6) Царинскиот службеник кој е прераспореден на негово барање нема право на надоместоците од ставот (3) на овој член.

**Член 64**

(1) Поставувањата на работни места и унапредувањата можат да бидат постојани или времени.

(2) Царинскиот службеник може со одлука на директорот да биде постојано распореден на друго повисоко слободно работно место во рамките на Царинската управа по пат на унапредување, за што ќе биде објавен интерен конкурс. Во конкурсот ќе се објават конкретните барања и услови за ова работно место.

(3) Временото унапредување е времено поставување на службеникот на повисоко рангирана позиција на одреден период. Царинскиот службеник се враќа на своето постојано работно место или друго соодветно работно место по истекот на определениот период. За службеникот да биде времено унапреден треба да ги поседува сите потребни квалификации, како и за постојаното унапредување.

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| (1)<br>**азив на предлогот:**<br>Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за Царинската управа | (2)<br>**Министерство / орган на државна управа :**<br>Министерство за финансии | |
| (3)<br>**ел на предлогот:** | (4)<br>**Вид на предлог:**<br>Предлог за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа | |
| (5)<br>**онтакт лице и звање:**<br>Сузана Стојмироска -Раководител на Сектор за даночна и царинска политика | (6)<br>**Контакт тел./факс или е-пошта:**<br>тел. 3 281-057 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| (7) | / | | |
| (8)<br>**ид на барање:** | **( ) Регулатива во врска со ЕУ**<br><br>( / ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |
| **Цел на барањето / предложената активност:** / | | | |
| (9) | | **Врска со владината програма: /** | |

| (10)<br>**искални импликации:**<br>**Законот ќе започне да се применува со денот на објавување во Службен весник на РМ** | **(милиони денари)**<br>**Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
|---|---|---|---|---|
| (3)<br>**купни трошоци за предлогот**<br>**Плати**<br>**Стоки и услуги**<br>**Капитал**<br>**Трансфери**<br>**Вкупно** | 1.793.950 | 3.587.900 | 3.587.900 | 3.587.900 |
| (4)<br>**добрени средства за предлогот**<br>**Плати**<br>**Стоки и услуги**<br>**Капитал**<br>**Трансфери**<br>**Вкупно** | / | / | / | / |
| (5)<br>**ромена (разлика) од одобрените средства (Б-А)**<br>**Плати**<br>**Стоки и услуги**<br>**Капитал**<br>**Трансфери**<br>**Вкупно** | / | / | / | / |
| (6)<br>**асположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)**<br>**Плати**<br>**Стоки и услуги**<br>**Капитал**<br>**Трансфери**<br>**Вкупно** | / | / | / | / |
| (7) | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| (8)<br>големување / намалување на приходите | / | / | / | / |
| (9)<br>ополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br>_______________________________ | / | / | / | / |
| (11)<br>ето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | / | / | / | / |
| (12)<br>акви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | / | | | |
| (13)<br>ко ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение. | / | | | |
| (14)<br>ата на завршување на проценката | / | | | |
| (15)<br>ата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | / | | | |
| (16)<br>ата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| (17)<br>змени побарани од Министерството за финансии: | / | | | |
| (18)<br>дговор на министерството-предлагач: | / | | | |
| (19)<br>дговор од Министерството за финансии: | / | | | |
| (20)<br>али мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | / | | | |
| Дополнителни средства за спроведување на овој закон не се потребни | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| (21) добрено/Дата:<br><br>______________________________<br>**Потпис на државен секретар или директор на орган** | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br><br>м-р Зоран Ставрески | .05.2012 год. |